INTERNATIONAL
BALKAN
UNIVERSITY

Врз основа на член 108 и 110 од Законот за високото образование на Република Македонија(„Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11), Приватниот Меѓународен Балкански Универзитет во Скопје објавува

# К О Н К У Р С
## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ НА СТУДИИ ОД ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС
## ЗА АКАДЕМСКАТА 2012/2013 ГОДИНА

## СТУДИИ ОД ПРВ ЦИКЛУС (ДОДИПЛОМСКИСТУДИИ)

Запишувањето на студенти на студии од прв циклус ќе се врши на 5 (пет) факултети, односно на 7 (седум) студиски програми:

**1. ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ И АДМИНИСТРАТИВНИ НАУКИ**
- Меѓународни економски односи (90 студенти)
- Менаџмент во јавна администрација (50 студенти)

**2. ФАКУЛТЕТ ЗА ТЕХНИЧКИ НАУКИ**
- Индустриско инженерство (40 студенти)
- Информатичка технологија (40 студенти)

**3. ФАКУЛТЕТ ЗА КОМУНИКАЦИИ**
- Односи со јавност (50 студенти)

**4. ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИМЕНЕТИ УМЕТНОСТИ**
- Графички дизајн (60 студенти)

**5. ФАКУЛТЕТ ЗА ЈАЗИЦИ**
- Англиски јазик и американски студии (60 студенти)

### УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

Право на запишување имаат кандидати со завршено средно образование согласно член 108 од Законот за високото образование на Република Македонија и солидно познавање на англискиот јазик. Сите кандидати полагаат тест по англиски јазик. Кандидатите кои нема да покажат доволен успех на овој тест не можат да се запишат во прва година, но имаат право да ја следат Подготвителната програма по англиски јазик. Селектирањето на кандидатите ќе се врши според покажаниот успех во средното образование и познавањето на англискиот јазик. По потреба, Универзитетот може да одреди и дополнителни услови при рангирање на кандидатите.

### ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ

Кандидатите треба да ги поднесат следните документи за упис:
- диплома и свидетелства за завршено средно образование (со положена државна матура)
- пријава (може да ја превземете од www.ibu.edu.mk или во просториите на Универзитетот)
- добиени сертификати, пофалби, дипломи и сл.
- документ за идентификација

### ВИСИНА НА ШКОЛАРИНА

Висината на школарината за една академска година изнесува:

| | |
|---|---|
| Факултет за економски и административни науки | (2000 ЕУР)* |
| Факултет за технички науки | (2250 ЕУР) |
| Факултет за комуникации | (2000 ЕУР) |
| Факултет за применети уметности | (2000 ЕУР) |
| Факултет за јазици | (2000 ЕУР) |
| Подготвителна програма по англиски јазик | (2000 ЕУР) |

* во денарска противвредност

**За академската 2012/2013 година, Меѓународниот балкански универзитет доделува 155 стипендии за додипломски студии.**

### РОКОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

Уписот на студенти ќе се врши во следните рокови:

Прв рок: **02.07.2012 до 27.07.2012 година**
Втор рок: **12.08.2012 до 14.09.2012 година**

## СТУДИИ ОД ВТОР ЦИКЛУС (ПОСТДИПЛОМСКИСТУДИИ)

Запишувањето на студенти на студии од втор циклус ќе се врши на 2 (два) факултети, односно на 3 (три) студиски програми:

**1. ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ И АДМИНИСТРАТИВНИ НАУКИ**
- Бизнис администрација (20 студенти)

**2. ФАКУЛТЕТ ЗА ТЕХНИЧКИ НАУКИ**
- Индустриско инженерство - менаџмент на производни системи (10 студенти)
- Индустриско инженерство во сервисни системи (10 студенти)

### УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СТУДИИ ОД ВТОР ЦИКЛУС

Право на запишување имаат кандидати кои ги исполнуваат условите согласно член 108 од Законот за високо образование и кои имаат завршено студии од прв циклус во траење од 4 (четири) години, односно имаат стекнато 240 ЕКТС кредити.
Кандидатите треба да имаат одлични познавања на англискиот јазик за што приложуваат соодветна потврда.

### ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ

Кандидатите треба да ги поднесат следните документи за упис:
- диплома за завршени студии од прв циклус со стекнати 240 ЕКТС кредити
- потврда за познавање на англиски јазик (TOEFL или IELTS)*
- пријава (може да ја превземете од www.ibu.edu.mk или во просториите на Универзитетот)
- добиени сертификати, пофалби, дипломи и сл.
- документ за идентификација.

* кандидатите кои не поседуваат таква потврда полагаат Тест за познавања на англискиот јазик на МБУ и на истиот треба да покажат над 70% успех за да стекнат право на запишување на студии од втор циклус. Кандидатите кои нема да покажат успех на овој тест имаат право да се запишат на Подготвителната програма по англиски јазик во траење од 1 (една) година, која функционира во рамките на Универзитетот.

### ВИСИНА НА ШКОЛАРИНА

Висината на школарината за една академска година изнесува:

| | |
|---|---|
| Факултет за економски и административни науки | (2000 ЕУР)* |
| Факултет за технички науки | (2250 ЕУР) |
| Подготвителна програма по англиски јазик | (2000 ЕУР) |

* во денарска противвредност

### РОКОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

Уписот на студенти на студии од втор циклус ќе се врши во следните рокови:

Прв рок: **02.07.2012 до 27.07.2012 година**
Втор рок: **12.08.2012 до 12.10.2012 година**

### ВИД НА СТУДИИ И БРОЈ НА ЕКТС КРЕДИТИ

Студиите од прв циклус се универзитетски, траат 4 (четири) години и носат 240 ЕКТС кредити.
Студиите од втор циклус се универзитетски, траат 1 (една) година и носат 60 ЕКТС кредити.

### ЈАЗИК НА НАСТАВА

Наставата на студиите од прв и втор циклус се одвива исклучиво на англиски јазик.

### НЕИСПОЛНЕТОСТ НА БРОЈОТ НА СТУДЕНТИ ЗА ОДРЕДЕНА СТУДИСКА ПРОГРАМА

Доколку на некоја од студиските програми не се пополни горенаведениот број на студенти, неисполнетиот број на студенти може да се префрли на друга студиска програма, но во рамките на вкупниот број на студенти кои можат да се запишат на Приватниот Меѓународен Балкански Универзитет.

### ТРАНСФЕР СТУДЕНТИ

Право за запишување имаат и студенти од други високообразовни установи преку трансфер, но во рамките на вкупната квота предвидена за запишување на студенти на студии од прв и втор циклус.

### ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

За дополнителни информации, Ве молиме обратете се на:

ул. Ташко Караџа бб, Автокоманда, Општина Гази Баба, 1000 Скопје
Тел.: 02/ 32 14 831; Факс: 02/32 14 832
Е-маил: info@ibu.edu.mk

**www.ibu.edu.mk**

INTERNATIONAL
BALKAN
UNIVERSITY

Меѓународниот балкански универзитет во Скопје,
за академската 2012/2013 година доделува **155 стипендии**.

Кандидатите кои ќе покажат успех на испитите по **општи знаења** и по **англиски јазик** ќе имаат можност да студираат 4 години со

# 100% СТИПЕНДИЈА

Испитите ќе се одржат на **02. Јуни** и **16. Јуни 2012** година во **10:00 часот**
во просториите на Универзитетот на
**ул. Ташко Караџа бб - Автокоманда, 1000 Скопје**

Кандидатите треба да бидат присутни на Универзитетот најдоцна во 09:30 часот.
Кандидатите се обврзани да носат со себе документ за идентификација.
Кандидате имаат право на полагање на испити само еднаш.

За повеќе информации, посетете ја веб страницата:

**www.ibu.edu.mk**